Друштво за туризам, угостителство
рекреација и спорт
ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ
БР. 05-192/3
31.01 20 24 год.
Битола

ПОКАНА ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА УГОСТИТЕЛСКА ОПРЕМА ЗА ЦЕНТРАЛНА КУЈНА ВО РЕСТОРАНОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ИСХРАНА ВО РЕК БИТОЛА

ДРУШТВОТО ЗА ТУРИЗАМ УГОСТИТЕЛСТВО РЕКРЕАЦИЈА И СПОРТ „ЕСМ МОЛИКА“ ДООЕЛ БИТОЛА

(бр.05-192/3 од 31.01.2024 година)

Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт * ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ

Јануари 2024

Почитувани,

Управителот на Друштвото за туризам угостителство рекреација и спорт **,, ЕСМ МОЛИКА " ДООЕЛ Битола** , со адреса на ул. Национален Парк Пелистер бб. 7000 Битола, телефон за контакт 047/229-406 , факс број: 047/229-048 , електронска адреса: **esmmolika@elem.com.mk** , донесе Одлука за набавка на угостителска опрема во Ресторанот за Општествена Исхрана во РЕК Битола , **врз основа на Одлуката на Управниот Одбор од единствениот основач и содружник АД ЕСМ Скопје заведена под бр.02-466/500/4 од 24.01.2024 година , и согласно Одлука од Надзорниот Одбор на АД ЕСМ Скопје заведена под бр.02-30/98/6 од 25.01.2024 година .**

Друштвото за туризам угостителство рекреација и спорт **,, ЕСМ МОЛИКА " ДООЕЛ Битола** , има потреба од набавка на:

„УГОСТИТЕЛСКА ОПРЕМА ЗА ЦЕНТРАЛНА КУЈНА ВО РЕСТОРАНОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ИСХРАНА ВО РЕК БИТОЛА"

За таа цел, ,, ЕСМ МОЛИКА " ДООЕЛ Битола во (понатамошниот текст - Набавувач) спроведува постапка за доделување на договори за набавка на горенаведените производи , со Оглас кој е поставен во делот ,, **Набавки** „ на страницата **www. hotelmolika.com.mk**

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведената набавка за доделување на договор за набавка, најдоцна до **06.02.2024** година до 14 часот (по локално време) по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивата на Друштвото за туризам угостителство рекреација и спорт **,, ЕСМ МОЛИКА " ДООЕЛ Битола** -хотел Молика ,Национален Парк Пелистер Битола .

Исто така, Ве информираме дека Поканата за прибирање на понуди ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата и истата може да ја преземете во делот за Набавки од страницата **www.hotelmolika.com.mk** , да ја добиете по електронски пат или лично да ја подигнете во просториите на архивата во хотел Молика .

Поканата се состои од следните делови:

- инструкции за понудувачите
- технички спецификации
- образец на понудата
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионална состојба

Однапред Ви благодариме на соработката.

Место ,Битола Јануари 2024

Одговорно лице:

Миле Вељановски – Управител

Инструкции за понудувачите

1. **Корисник на стоките и услугите (во понатамошниот текст „ Набавувач")**

Набавувачот на Стоки е Друштвото за туризам угостителство рекреација и спорт **„ ЕСМ МОЛИКА " ДООЕЛ Битола**

- Национален парк Пелистер бб. Поштенски фах. 110, 7000 Битола
- Телефони за контакт:047/229-406 и 047/229-513 и електронска адреса :esmmolika@elem.com.mk
- Контакт лице : Буквиќ Драган (моб.телефон 071 339 301 е-маил :esmmolika@elem.com.mk

2.Предмет на договорот за набавка

2.1. Предмет на договорот за набавка :

- **„ УГОСТИТЕЛСКА ОПРЕМА ЗА ЦЕНТРАЛНА КУЈНА ВО РЕСТОРАНОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ИСХРАНА ВО РЕК БИТОЛА " ,**

согласно со Годишниот план за набавки за 2024-та година на Друштвото за туризам угостителство рекреација и спорт **„ ЕСМ МОЛИКА " ДООЕЛ Битола**

2.2. **.Предметот на договорот не е деллив по позиции наведени во техничката спецификација која е доставена како прилог во поканата за прибирање на понуди .**

3.Начин на испорака

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача на следниов начин :

- По претходна писмена нарачка од страна на Набавувачот за испорака дефинирано страна на Набавувачот во рок од 45-60 денови од денот на писмената нарачка во зависност од потребите и условите кои ги дефинира тековното работење на Набавувачот .

4. Разлики во цена (корекција на цени)

4.1. Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за набавка.

5. Рок на испорака

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот согласно Договорот , во зависност од потребите на Набавувачот ,односно **Франко - магацин** до Организациона работна единици за угостителство во РЕК Битола **-Ресторан за Општествена Исхрана во РЕК Битола**

во рокот утврден во писмената нарачка ,најдоцна во рок од 45-60 денови од моментот на нарачката -точка 3)

Носителот на набавката е должен испораката да ја реализира во работни денови во терминот од 08.00 часот до 13.00 часот , односно во рок од 45-60 денови од денот на писмената нарачка и тоа „Франко магацин" во Организациона работна единици за угостителство во РЕК Битола - **Ресторан за Општествена Исхрана во РЕК Битола** како работни единици на Набавувачот .

6. Начин на плаќање

6.1. Начинот на плаќање е на следниот начин :

- Авансно плаќање на 70 % од понудениот износ со обезбедена банкарска гаранција од страна на изведувачот со потпишувањето на Договорот за набавка .
- Авансно плаќање на дополнителни 20 % од понудениот износ со претходно обезбедената банкарска гаранција , минимум 3 (три) работни денови пред испораката
- Одложено плаќање во рок од 30 дена на 10% од понудениот износ дефиниран во договорот по доставена фактура
- Испораката на договорената набавка ќе се врши по доставена Испратница потпишана од страна на овластено лице од двете страни доставена до набавувачот .

7. Право на учество

7.1. Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка.

8. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

8.1. Лична состојба

- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара Набавувачот.

8.2. Способност за вршење на професионална дејност

Понудувачот задолжително треба да ги исполнува следните услови за вршење на професионална дејност:

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

8.1 Утврдување способност

8.1.1 Во постапката за јавна набавка ќе може да учествуваат економски оператори за кои, Набавувачот преку придружната документација утврдува:

- дека не постојат причини за исклучување од постапката,
- дека се исполнети условите за квалитативен избор, и тоа:
  - а) способност за вршење професионална дејност;
  - б) техничка и професионална способност со ситеми за квалитет

8.1.2 Економскиот оператор во прилог на понудата доставува изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност.

8.1.3 Доколку економскиот оператор во прилог на понудата доставува изјава за докажување на способноста, истата треба да биде изработена на образецот даден во Прилог 3 од тендерската документација и да биде електронски потпишана со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис од одговорното лице на економскиот оператор или лице овластено од него.

8.1.4 Пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен да ги достави документите за утврдување способност, доколку не ги доставил со понудата.

8.1.5 Придружната документација се поднесува во скенирана електронска форма.

8.2 Причини за исклучување од постапката

8.2.1 Набавувачот ќе го исклучи од постапката за јавна набавка економскиот оператор:

1) доколку утврди дека на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од кривичните дела учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе, утврдени во Кривичниот законик.

2) кој има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;

3) кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;

4) на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;

5) на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

6) на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност или

7) кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

8.2.2 Набавувачот го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка доколку до крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество е на листата на издадени негативни референци.

8.2.3 Набавувачот ќе го исклучи економскиот оператор од постапката за јавна набавка во случаите доколку:

а) Набавувачот оправдано заклучи дека економскиот оператор со други економски оператори постигнал договор чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Се смета дека заклучокот на договорниот орган од оваа точка е оправдан доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на пријава на Набавувачот, во рок од 15 дена го извести договорниот орган дека ќе поведе прекршочна постапка;

б) економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со Набавувачот, што резултирало со едностране раскинување на договорот, барање оштета или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган;

в) економскиот оператор незаконски влијае врз одлуката на договорниот орган или да добие доверливи информации со кои би можел да стекне незаконска предност во постапката за јавна набавка.

8.2.4 **За докажување** дека не постојат услови за исклучување од постапката, економскиот оператор ги доставува следниве документи:

- изјава на економскиот оператор дека во последните 5 години на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години не му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од кривичните дела учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе, утврдени во Кривичниот законик;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност или единствен документ за докажување на способноста и

- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - привремена забрана за вршење одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста.

8.2.5 Изјавата од алинеја 1 од потточка 8.2.4 ја изготвува самиот економски оператор во електронска форма и ја потпишува со квалификуван сертификат за електронски потпис и истата не треба да биде заверена од надлежен орган.

8.2.6 Потврдите од потточка 8.2.4 ги издаваат надлежни органи во земјата каде е регистриран економскиот оператор. Ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава овие документи или ако тие не ги опфаќаат сите горенаведени случаи, економскиот оператор може да достави изјава заверена кај надлежен орган.

8.2.7 Документите од потточка 8.2.4 не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за поднесување на понудите наназад.

8.3 Услови за квалитативен избор

8.3.1 Способност за вршење на професионална дејност

8.3.1.1 Право на учество во постапката има секој економски оператор **кој е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.**

8.3.1.2 Право на учество во постапката има секој економски оператор кој ги исполнува посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон, а се однесуваат на предметот на набавка односно поседува:

- **Лиценци и Сертификати поврзани со предметот на набавката**

8.3.1.3 За да ја докаже способноста за вршење професионална дејност, економскиот оператор треба да достави:

- Потврда за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран

***8.3.2* Техничка и професионална способност**

8.3.2.1 Потребната техничка и професионалната способност за квалитетно извршување на договорот, Набавувачот ќе ја утврди преку следниве минимални услови:

- Економскиот оператор да има минимално 1 успешно завршени работи во последните 3 години со вредност не помала од **3.000.000,00 денари** за секоја работа поединечно

8.3.2.2 Економскиот оператор го докажува исполнувањето на минималните услови со доставување на:

а) листа на извршени услуги за испорака на угостителска опрема во последните 3(три) години, со приложување потврда за задоволителна изведба на најважните работи;

б) изјава за просечниот годишен број на реализирани набавки

ѓ) наведување на делот од набавка, кој економскиот оператор има намера го отстапи на подизведувач ;

8.3 Стандарди за системи за квалитет

8.3.1 За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на стандардите за системи на квалитет, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве стандарди:

- **Имплементиран систем за квалитет ISO 9001:2015;**

8.3.2 Економскиот оператор го докажува исполнувањето на стандардите од потточка 5.3.1 со доставување на:

- **ISO 9001:2015 или еквивалентен**

Комисијата за набавки во текот на спроведување на постапката за евалуација има право да побара посета кај евентуалниот Носител на набавката за утврдување на квалитетот на артиклите и да ги посети понудувачите со намера да ја утврди нивната способност за вршење на професионалната дејност.

9. Начин на докажување на способноста на понудувачот

9.1 Комисијата за набавки доколку процени дека е неопходно да ја процени способноста на понудувачот ,го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната и професионалната состојба.

9.2 Понудувачот за докажување на својата лична и професионална состојба поднесува изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на личната и професионалната состојба, која е дадена во прилог на оваа Покана за прибирање на понуди.

9.3 Комисијата ќе побара само од понудувачот чија понуда ја утврдила за најповолна да ги достави потребните документи за утврдување на неговата лична состојба и документите за утврдување на неговата способност за вршење на професионална дејност .

10. Појаснување, изменување и дополнување на условите во Поканата за прибирање на понуди

10.1 Носителот на набавката може да побара појаснување на Поканата или Техничките спецификации од Набавувачот по телефон , во електронска форма или во писмена форма, најдоцна 3 дена пред крајниот рок за поднесување понудите.
10.2 Појаснувањето Набавувачот ќе го достави до сите понудувачи што добиле или подигнале Покана за прибирање на понуди , без при тоа, да се идентификува понудувачот што побарал појаснување.
10.3 Набавувачот може по потреба, да ја измени или дополни Поканата за предметот на набавка, најдоцна 3 (три) дена пред денот на завршување на крајниот рок за поднесување на понуди и навреме да ги информира понудувачите за промените.

11. Изготвување и поднесување на понудите

11.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во Поканата за прибирање на понуди , со користење на обрасците дадени во прилог.

Понудувачот освен спецификацијата која е составен дел на Поканата за прибирање на понуди може дополнително да достави своја форма на понудени производи доколку некои од артиклите не се ставени во техничките спецификации.

Комисијата може да ја земе во предвид дополнетата спецификација доколку смета дека има потреба за набавка на таквите производи или истата да ја отфрли.

11.2. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Финасиска Понуда
- Техничка понуда и/или листа на цени по позиции
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба

11.3 Цена и Период на важност на понудата

- Понудувачот во листата на цени ја внесува цената за секој производ поединечно.
- Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот , да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.
- Цената на понудата се пишува со бројки и букви.
- Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека договорот ќе биде извршен, набавувачот од понудувачот бара во писмена форма и пред одбивање на понудата, детали околу понудата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите што биле доставени за оправдување на цената на понудата. Ако понудувачот не успее да објасни во писмена форма , кои се причините за таквата цена во рок од три дена од датумот на поднесување на барањето, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.
- Цената на понудата се изразува во денари
- Периодот на важност на понудата ќе изнесува 60 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот .

12. Краен рок и место за поднесување на понудите

12.1. Краен рок за поднесување на понудите е **06.02.2024 година до 14 часот**. Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.

12.2. Понудите се поднесуваат во архивата на ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола или по пошта со потврда за поштенска пратка на истата адреса .

13. Евалуација на понудите

13.1. Комисијата за набавки ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понудата.

14. Критериум за доделување на договорот

14.1 Критериуми за доделување на Договорот за набавка е **најниска вкупна цена.** За носител на набавката ќе биде избран оној понудувач кој ќе понуди најниска вкупна цена, чија понуда претходно е оценета како прифатлива понуда врз основа на исполнувањето на условите за личната состојба на понудувачот и способноста за вршење на професионална дејност.

14.2 Прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од поканата за прибирање на понуди и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

14.3 Прифатливата понуда покрај најниска цена како основен критериум за доделување на договор , мора да ги задоволи и обезбеди потребниот степен на квалитет на производите и навремената испорака во однос на предметот на набавка за потребите на набавувачот .

15.<u>Доделување на договорот за набавка</u>

15.1 Набавувачот на опремата , по спроведената евалуација на понудите како последна фаза во постапката за Покана за прибирање на понуди,договорот му го доделува на понудувачот чија понуда има најниска цена и ги исполнува условите за прифатлива понуда.
15.2 Доколку во две или повеќе понуди се понудат производи од ист бренд и квалитет за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој поднел најниската цена на производите.
15.3.Кога при отворањето на понудите Комисијата утврди дека одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена , што предизвикува сомнеж дека Договорот ќе биде извршен , ќе побара од понудувачот во писмена форма и пред одбивање на понудата детали околу понуидата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите што биле доставени како оправдување на цената на понудата . Комисијата за набавка го задржува правото во текот на евалуација на понудите , да изврши посета на лице место кај понудувачите и /или да побара мостри за одредени позиции од техничкат спецификација .
15.4 Доколку понудувачот во писмена форма не успее да објасни кои се причините за таквата цена во рок зададен од Комисијата или пак Комисијата не ги прифати неговите причини , Понудата ќе биде отфрлена .

16. <u>Известување за доделување на договорот за набавка</u>

<u>16.1.</u> По завршувањето на изборот на носителот на набавката Комисијата за набавки е должна да достави Известување до сите учесници во постапката за изборот на најповолната понуда најдоцна во рок од 5 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

17 . Завршување на постапката за доделување на договор за набавка

17.1 Постапката за доделување на договор за набавка завршува на денот на потпишување на договорот за набавка од двете договорни страни или со поништување на постапката

КОМИСИЈА ЗА НАБАВКИ

Друштво за Туризам Угостителство Рекреација и Спорт
ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола

Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на Поканата за прибирање на понуди број **бр.05-192/3 од 31.01.2024 година** објавен од страна на Друштвото за туризам и угостителство рекреација и спорт ,, ЕСМ МОЛИКА " ДООЕЛ Битола , за доделување на договор за набавка на стоки за потребите на Друштвото , со спроведување на постапка со Покана за прибирање на понуди, на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

I

.1. Име на понудувачот:
I.2. Контакт информации:
– Адреса:
– Телефон:
– Факс:
– Е-пошта:
– Лице за контакт:
I.3. Одговорно лице:
I.4. Даночен број:
I.5. Матичен број:

Дел II – Техничка понуда

Согласни сме да ги прифатиме условите , начинот и рокот на испорака утврдени во повикот.

Дел III – Финансиска понуда

Финансиската понуда со комплетната спецификација на понудените цени по артикли и делови е доставена во прилог на Понудата .
Нашата понуда важи за периодот утврден во Поканата за прибирање на понуди, и се согласуваме со условите и начинот на плаќање утврден во неа.

Дел IV – Рок на испорака

Место и датум **Одговорно лице**

---------- ----------

Техничка спецификација

за набавка на

„ УГОСТИТЕЛСКА ОПРЕМА ЗА ЦЕНТРАЛНА КУЈНА ВО РЕСТОРАНОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ИСХРАНА ВО РЕК БИТОЛА "

Ред. Бр.	Опис/Спецификација на Угостителска опрема за кујна	Кол.	Цена без ДДВ	Вкупен износ без ДДВ
	ЕКОНОМСКИ ВЛЕЗ-ПРИЕМ НА СТОКИ			
2	Колички за транспорт на товар - платформа, димензии мин. 100/75, носивост мин.100кг.	2,00		
3	Иноксна работна маса со цокла, димензии мин. 120/70/85 АИСИ304	1,00		
4	Вага – електронска, капацитет мин. 150 кг. Дигиталнен дисплеј	1,00		
5	Инокс мијалник, димензии мин.70/70/85 АИСИ304	1,00		
6	Туш батерија за кујна со чешма - професионлна	1,00		
7	Лампа за инсекти мин. 80м2 површина на покривање	1,00		
8	Професионално црево на котур за миење на под мин.5м	1,00		
	ГЛАВНИ КОМОРИ ЗА ЗАМРЗНУВАЊЕ -22/-18 (врати, панели, компресор, евапоратор)			
10	Минус комора -22/-18, димензии мин. 280x250x220cm 100mm, сплит систем R404, грејач на врати, завеси на врати	2,00		
11	Мрежеста полица за магацин, димензии мин.90/45/180 за комора, 4 нивоа, носивост мин.300кг по ниво	4,00		
12	Мрежеста полица за магацин. димензии мин.120/45/180 за комора, 4 нивоа, носивост мин.300кг по ниво	8,00		
13	Иноксен хигиенски сливник мин. 55/25, изработен од АИСИ304, неповратен сифон	1,00		
	ГЛАВНА РАЗЛАДНА КОМОРА 0/+8 (врати, панели, компресор, евапоратор)			
15	Плус комора 0/+8, димензии мин.270x250x220cm 100mm, сплит систем R404, завеси на врати	1,00		
16	Мрежеста полица за магацин. димензии мин.120/45/180 за комора, 4 нивоа, носивост мин.300кг по ниво	5,00		
17	Иноксен хигиенски сливник мин. 55/25, изработен од АИСИ304, неповратен сифон	1,00		

	ПОМОШНА КУЈНА ЗА ПОДГОТОВКА НА ЗЕЛЕНЧУК			
19	Инокс количка за послужување 2 нивоа мин. 85/45/90	1,00		
20	Двоен мијалник со долно ниво-полица мин.120/70 АИСИ304	1,00		
21	Туш батерија за кујна со чешма - професионлна	1,00		
22	Сечкалка за зеленчук со вклучени мин.3 ножа, комплетна изработка од инокс, капацитет мин. 400кг/ч.	1,00		
23	Машина за лупење компири 15kg мин. 400 кг./час	1,00		
24	Санитарен мијалник 40/70, инокс АИСИ304	1,00		
25	Даска за сечење по ХАСАП - зелена мин. 50/30	2,00		
26	Инокс работна маса мин. 100/70, со долно ниво, АИСИ304	1,00		
27	Инокс работна маса мин. 150/70, со долно ниво, АИСИ304	1,00		
28	Инокс sидна полица на 2 нивоа 120/40, носивост мин. 50 кг./ниво	1,00		
29	Корпа за отпад од пластика, мин. 100-140л. отворена	1,00		
30	Иноксен хигиенски сливник мин. 55/25, изработен од АИСИ304, неповратен сифон	1,00		
31	Затворена инокс работна маса 160/70 со цокла, АИСИ304	1,00		
	ПОМОШНА КУЈНА ЗА ПОДГОТОВКА НА МЕСО И ЖИВИНА И РИБА			
33	Вертикален фрижидер -2/+8 °C мин. 700л., еко фреон, стандард мин. ГН2/1	1,00		
34	Двоен мијалник со долно ниво-полица мин.120/70 АИСИ304	1,00		
35	Туш батерија за кујна со чешма - професионлна	1,00		
36	Месарски блок за сечење HDPE 80mm 50/70	1,00		
37	Работна маса со цокла и затворени фиоки мин. 160/70, АИСИ304	1,00		
38	Стерилизатор за ножеви 16/1	1,00		
39	Машина за мелење месо мин. 120kg./час 46/25	1,00		
40	Подвижна количка за вреќа за отпад мин. 100-140л.	1,00		
41	Даска за сечење по ХАСАП - црвена мин. 50/30	2,00		
42	Висечки инокс ормар - затворен, со клизни врати мин.150/40/65, АИСИ304	1,00		
43	Инокс работна маса мин. 150/70 , АИСИ304	1,00		
44	Инокс sидна полица на 2 нивоа 100/40/60, носивост мин. 50 кг./ниво	1,00		
45	Корпа за отпад од пластика, мин. 100-140л. отворена	1,00		
46	Иноксен хигиенски сливник мин. 55/25, изработен од АИСИ304, неповратен сифон	1,00		

47	Кујнска вага – електронска кап.мин.2кг.	1,00		
48	Миксер за месо, капацитет мин. 30кг., мин.380В, комплетно инокс, систем за кипање, двојни осовини	1,00		
49	Работна маса затворена со цокла 160/70, АИСИ304	1,00		
	ПОМОШНА КУЈНА ЗА ПОДГОТОВКА НА ДЕСЕРТИ И ПЕЦИВА			
51	Професионален инокс мијалник мин. 70/70, АИСИ304	1,00		
52	Професионална кујнска чешма 17l/'-3 bar	1,00		
53	Планетарен миксер мин. 40л. регулација на 10 брзини 70/90/135	1,00		
54	Работна маса со гранит и со затворени 3 фиоки мин. 220/70	1,00		
55	Инокс количка за послужување 3 нивоа мин. 85/45/90	1,00		
56	Висечки ормар - затворен мин.180/40/65 АИСИ 430	1,00		
57	Корпа за отпад од пластика, мин. 100-140л. отворена	1,00		
58	Работна маса инокс со цокла и затворени фиоки 160/70, АИСИ304	1,00		
59	Иноксен хигиенски сливник мин. 55/25, изработен од АИСИ304, неповратен сифон	1,00		
	ПОМОШНА ЛАДНА КУЈНА ЗА ПОДГОТОВКА НА ХРАНА			
61	Вертикален фрижидер капацитет мин.1400л. -2/+8, стандард ГН2/1, еко фреон, автоматско одмрзнување, комплетно инокс изработка	1,00		
62	Работна маса со цокла и HDPE зона за сечење мин.160/70/85 со долно ниво	1,00		
63	Работна маса со цокла и затворени фиоки мин. 160/70, АИСИ304	1,00		
64	Професионален инокс мијалник мин. 70/70, АИСИ304	1,00		
65	Професионална кујнска чешма 17l/'-3 bar	1,00		
66	Висечки ормар - затворен мин. 180/40/65	1,00		
67	Машина за сечење сувомеснато, дијамтер на диск мин. Ø350. Моќност мин.350W	1,00		
68	Инокс количка за послужување 2 нивоа мин. 85/45/90	1,00		
69	Кујнска вага – електронска кап.мин.2кг.	1,00		
70	Корпа за отпад од пластика, мин. 100-140л. отворена	1,00		
71	Иноксен хигиенски сливник мин. 55/25, изработен од АИСИ304, неповратен сифон	1,00		
72	Затворен инокс вертикален ормар за леб мин. 200/60/200, 4 нивоа	1,00		
73	Инокс работна маса мин. 150/70 со цокла, АИСИ304	1,00		

74	Инокс отворена работна маса и елемент со затворени фиоки мин. 190/70, АИСИ304	1,00		
75	Затворена инокс работна маса мин.200/70, со средно ниво, АИСИ304	1,00		
76	Планетарен миксер, капацитет мин. 7л., со вклучени 3 алатки, моќност мин.500W	1,00		
	ТЕРМИЧКИ БЛОК – ТОПЛА КУЈНА			
78	Блок работна маса за термо елементи со вграден санитарен мијалник за раце, мин.40/90, АИСИ304	2,00		
79	Електричен шпорет , 4/ рингли, дим. Мин. 80/90, 6 нивоа за регулација, АИСИ304, заштитни термостати	2,00		
80	Електрична инокс плотна 80/90, АИСИ 304, дебелина на плотна мин.15мм	1,00		
81	Електричен кипер, капацитет мин. 80л. Димензии мин. 80/90 АИСИ304, мануелно кипање, чешма за дотур на вода	2,00		
82	Електрична фритеза капацитет 2 корита мин. 22 литри.. Димензии мин. 80/90, моќност мин. 30kW, напон мин.380В	1,00		
83	Електричен котел капацитет мин. 150л., димензии мин. 80/90, славина за полнење вода, вентил за испуштање, напон мин 380В 3N, моќност мин.18kW	2,00		
84	Блок работна маса за термо елементи мин.80/90, АИСИ304	1,00		
85	Блок работна маса за термо елементи мин.40/90, АИСИ304	1,00		
86	Електричен паста кукер, капацитет мин.18l. Мин.10kW 40/90	2,00		
87	Дигитален комби конвектомат, капацитет 20xGN1/1, моќност мин.30kW, систем за самоперење, екран на допир, мин.500 рецепти	1,00		
88	Автоматски омекнувач за вода 3/4, проток мин.1000л./час.	1,00		
89	Инокс sидна хауба со ламелни филтер, дотур на свеж воздух (ЕКО), LED, димензии мин. 380/130/50	1,00		
90	Инокс работна маса, димензии мин. 120/70, АИСИ304 со долно ниво	1,00		
91	Подвижна количка за вреќа за отпад мин. 100-140л.	1,00		
92	Иноксен хигиенски сливник мин. 205/25, изработен од АИСИ304, неповратен сифон	2,00		
93	Лампа за инсекти мин. 80м2 површина на покривање	1,00		
94	Инокс количка за послужување 3 нивоа мин. 85/45/90	5,00		
95	Електрична етажна печка за пецива, капацитет мин. 6 тави 60/40 со шамот, моќност мин. 19kW, димензии мин. 125/85/160	1,00		

96	Инокс плафонска/просторна хауба со ламелни филтер, ЕКО, LED димензии мин.220/130, изработена од инокс АИСИ430	4,00		
97	Инокс количка за 60/40 тави, капацитет мин.15 нивоа, стандард 600x400mm,	1,00		
98	Инокс количка за ГН1/1 тави, капацитет мин.15 нивоа, стандард ГН1/1	1,00		
	МИЈАЛНИК ЗА КРУПЕН КУЈНСКИ ИНВЕНТАР			
100	Инокс мијалник за тави и тенџерија мин. 120/70, АИСИ304	1,00		
101	Инокс мијалник за тави и тенџерија мин. 100/70, АИСИ304	1,00		
102	Туш батерија за кујна со чешма -професионална	2,00		
103	Закачалка за прибор, метална	1,00		
104	Инокс количка за послужување 3 нивоа мин. 85/45/90	1,00		
105	Мрежеста полица за магацин. димензии мин.120/60/180 за комора, 4 нивоа, носивост мин.300кг по ниво	2,00		
106	Подвижна количка за вреќа за отпад мин. 100-140л.	1,00		
107	Иноксен хигиенски сливник мин. 150/25, изработен од АИСИ304, неповратен сифон	1,00		
108	Машина за миење црни садови, корпа мин. 70/70, моќност мин. 11kW 400V, вклучени автоматски дозери за хемија	1,00		
109	Професионален автоматски омекнувач за вода со приклучок мин. 3/4, капацитет мин. 1600л.	1,00		
	МИЈАЛНИК ЗА САДОВИ, ЧИНИИ И ПОСЛУЖАВНИЦИ			
111	Машина за миење садови - тунелска мин. 2100 чинии/час. Мин.23kW, дигитален дисплеј за контрола, самодијагностика	1,00		
112	Професионален автоматски омекнувач за вода со приклучок мин. 3/4, капацитет мин. 1600л.	1,00		
113	Туш батерија за кујна со чешма -професионална	1,00		
114	Инокс маса со отвор за отпадоци, мин. 70/70, со цокла, АИСИ304	1,00		
115	Влезен инокс мијалник десен мин. 120/70, за тунелска машина за садови, АИСИ304	1,00		
116	Излезна инокс маса за тунелска машина лева, мин. 70/70, со позиција за сензор за корпи, АИСИ304	1,00		
117	Инокс вентилациска хауба - без филтри мин. 150/100, АИСИ304	1,00		
118	Услужна пластична количка 3 нивоа мин. 100/50	2,00		
119	Мрежеста полица за магацин. димензии мин. 120/60/180 за комора, 4 нивоа, носивост мин.300кг по ниво	3,00		

120	Инокс количка за 60/40 тави, капацитет мин.15 нивоа, стандард 600x400mm,	2,00		
121	Иноксен хигиенски сливник мин. 150/25, изработен од АИСИ304, неповратен сифон	1,00		
122	Лампа за инсекти мин. 80м2 површина на покривање	1,00		
	САМОПОСЛУЖНА ЛИНИЈА ЗА СЕРВИРАЊЕ НА ХРАНА			
124	Иноксен пулт за самопослужување за прибор мин. 70/70/150, АИСИ304, ниво за послужавници, простор за мин. 3 садови за прибор	3,00		
125	Затворена инокс работна маса од задна страна, димензии мин.90/70, АИСИ304, шини од предна страна за послужавници	1,00		
126	Разладна витрина за ГН садови, мин. 3 ком ГН1/1, мин.120/70+40, статично ладење, еко фреон, шини од предна страна за послужавници	5,00		
127	Бен мари витрина за ГН садови, капацитет мин.5 ГН1/1. димензии мин.190/70+40, моќност мин.2kW 220V, шини од предна страна за послужавници	5,00		
128	Инокс количка за 60/40 тави, капацитет мин.15 нивоа, стандард 600x400mm,	1,00		
129	Услужна пластична количка 3 нивоа мин. 100/50	2,00		
130	Инокс количка за послужување 3 нивоа мин. 85/45/90	2,00		
131	Вертикален фрижидер капацитет мин.1400л. -2/+8, стандард ГН2/1, еко фреон, автоматско одмрзнување, комплетно инокс изработка	2,00		
132	Инокс мијалник со мин.100/50 корито мин. 120/70/85, АИСИ340	1,00		
133	Туш батерија за кујна со чешма 20l/'-3 bar	1,00		
134	Висечки инокс ормар - затворен, со клизни врати мин.180/40/65, АИСИ304	1,00		
135	Инокс отворена работна маса и елемент со затворени фиоки мин. 190/70, АИСИ304	1,00		
	РЕСТОРАН			
137	Инокс количка за 60/40 тави, капацитет мин.15 нивоа, стандард 600x400mm,	2,00		
138	Инокс отворена работна маса и елемент со затворени фиоки мин. 190/70, АИСИ304	2,00		
139	Диспензер за точење ладна вода, капацитет на ладење мин.2л/ч, капацитет на греење мин.5л/ч, димензии мин.30/30цм	1,00		
140	Маса за кантина димензии мин.120/60 со 4 столчиња, изработено од метал и цврста пластика	80,00		
	ПРОСТОР ЗА ДНЕВНО ЧУВАЊЕ НА СТОКА			

142	Мрежеста полица за магацин. димензии мин.120/60/180 за комора, 4 нивоа, носивост мин.300кг по ниво	4,00		
143	Инокс мијалник со мин.100/50 корито мин. 120/70/85, АИСИ340	1,00		
144	Туш батерија за кујна со чешма 20l/'-3 bar	1,00		
145	Иноксен хигиенски сливник мин. 25/25, изработен од АИСИ304, неповратен сифон	1,00		
	ПРОСТОРИЈА ЗА ДНЕВНО СКЛАДИРАЊЕ			
147	Мрежеста полица за магацин. димензии мин.120/60/180 за комора, 4 нивоа, носивост мин.300кг по ниво	4,00		
148	Иноксен хигиенски сливник мин. 25/25, изработен од АИСИ304, неповратен сифон	1,00		
	СИТЕН ИНВЕНТАР			
150	Инокс количка за послужување 3 нивоа мин. 85/45/90	2,00		
151	Професионални пластични кујнски колички за собирање на валкани чинии и остатоци од храна, мин. 75/40	2,00		
152	Инокс црпалка мин. 500мл	1,00		
153	Инокс црпалка мин. 90мл	4,00		
154	Инокс црпалка мин. 300мл	4,00		
155	Инокс црпалка мин. 240мл.	8,00		
156	Инокс црпалка мин. 70мл.	6,00		
157	Инокс француска лажица мин. ⌀90/⌀100	5,00		
158	Жица за матење, инокс должина мин.40цм	3,00		
159	Лопата за пица	1,00		
160	Дрвена лажица	15,00		
161	Мелница за бибер и сол мин. 10цм	10,00		
162	Инокс пепелник мин. 12цм	8,00		
163	Сет за масло и киселина	40,00		
164	Бокал 1 литар	10,00		
165	Кибла за мраз пластична	8,00		
166	Кибла за мраз – стакло	3,00		
167	Бокалче – 0,250	12,00		
168	Чаша за ракија – 0,05	96,00		
169	Чаша за ракија со столче - 0,05	96,00		
170	Чаша за црвено вино - 0,150	96,00		
171	Чаша за пиво - 0,33	96,00		
172	Чаша за сладолен	50,00		
173	Чаша за вино - 0,100	96,00		
174	Чаша за бело вино - 0,150	96,00		
175	Чаша за виски	96,00		
176	Лонец шерпа ростфрај – мин.25 литри	10,00		

177	Лонец мин.20 литри	10,00		
178	Термос ростфрај мин.7l.	5,00		
179	Пластична вангла (овална голема)	40,00		
180	Пластична вангла (мала)	30,00		
181	Кујнска вага – електронска кап.мин.2кг.	1,00		
182	Ајнцер за послужување - инокс дим.мин.50/30	10,00		
183	Плитка чинија голема (ДИЈАМЕТАР 26cm), меламин	1500,00		
184	Плитка чинија стандард (ДИЈАМЕТАР 24cm), меламин	1200,00		
185	Плитка чинија десертна (ДИЈАМЕТАР 21cm), меламин	1200,00		
186	Овална чинија за сервирање меламин мин. 34x20цм	15,00		
187	Длабока чинија за супа меламин мин. 23цм	2000,00		
188	Плех длабок - ростфрај - за кујна	15,00		
189	Табла за послужување - бела, димензии мин.50/30цм	15,00		
190	Инокс ренде мин. 21cm	10,00		
191	Професионален нож за филетирање син мин. 15цм	10,00		
192	Кујнска вилушка за кујна мин.40цм	10,00		
193	Нож ресторански, кован, мин.1,5мм дебелина	2000,00		
194	Вилушка ресторанска, мин.1,5мм дебелина	2000,00		
195	Лажица ресторанска, мин.1,5мм дебелина	2000,00		
196	Кибла за мраз – голема ростфрај	2,00		
197	Соленик за сол и бибер, меламин	50,00		
198	Сет за масло и киселина-комплети	27,00		
199	Филџан за црно кафе 1/6	7,00		
200	Отварач за вино	2,00		
201	Послужавник за оброк - пластична тафта, димензии мин. 36/43	2000,00		
202	Сито за брашно	5,00		
203	Тава тефлонска, дијалетар мин.32цм	5,00		
204	Котел за супа, ростфрај, со греење	5,00		
205	Топла купка за банкет ГН1/1	5,00		
206	Инокс црпалка мин. 70мл	10,00		
207	Пила за машина за месо	10,00		
208	Инокс француска лажица дијамтер мин.ø90/ø100	10,00		
209	Инокс црпалка мин. 90мл	10,00		
210	Транспортна Комора за храна -40/+100 до 10 кг	10,00		
211	Термо кутија за садови 40-50 литри -40/+100 степ.	10,00		
212	Термо кутија за храна 80-100 литри -40/+100 степ.	10,00		
213	Термо Бокс за храна -40/100 степени	5,00		
214	Термо Контејнер за пијалоци 40 -50 литри	5,00		
Вкупно :				

Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба

И З Ј А В А

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот _____ во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба на понудувачите утврдени во Поканата и условите наведени во Поканата за прибирање на понуди **бр.05-192/3 од 31.01.2024** година, за набавка на **„ УГОСТИТЕЛСКА ОПРЕМА ЗА ЦЕНТРАЛНА КУЈНА ВО РЕСТОРАНОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ИСХРАНА ВО РЕК БИТОЛА“ , за потребите на ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола** и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во Поканата за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на Набавувачот доколку нашата понуда ќе биде избрана за најповолна во однос на наведените критериуми и прифатливи барања.

Место и датум

Одговорно лице

(потпис)

*Оваа изјава може да биде потпишана и од лице овластено од одговорното лице